# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 4 | КОЧАНИ, 24 март 2025 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 16.03.2025 и 19.03.2025 година

I.

Ги објавувам актите донесени на вонредна седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 16.03.2025 и на 19.03.2025 година, и тоа:

1. План за изменување на План на програми за развој на општина Кочани за период 2025 – 2027 година, Бр.09-479/1
2. Програма за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2025 година, Бр. 09-478/1
3. Одлука за прогласување седумдневна жалост на подрачјето на општина Кочани, Бр. 09-468/1
4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, Бр. 09-480/1
5. Одлука за користење финансиски средства од постојаната резерва во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, Бр. 09-481/1
6. Заклучок за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани бр. 02-118/2 од 17.03.2025 година, за ослободување од плаќање на надоместок за гробно место за лицата починати во пожарот во дискотека „Пулс“ – Кочани на 16.03.2025 година и користење на други погребални услуги кои ги дава КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09- 482/1
7. Заклучок за задолжување на КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09- 483/1

Бр.08-484/1
24.03.2025 година
К о ч а н и

Мирче Стојков
- член на Советот на Општина Кочани кој го заменува Градоначалникот на Општина Кочани за време на спреченост или отсуство, определен со Решение за определување член на Советот на Општина Кочани кој го заменува Градоначалникот на Општина Кочани за време на спреченост или отсуство бр.08-124/2 од 09.01.2025 година

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на вонредната седница одржана на 16.03.2025 година и на 19.03.2025 година, донесе

П Л А Н
за изменување на Планот на програми за развој на општина Кочани за период 2025 – 2027 година

I.

Во Планот на програми за развој на општина Кочани за период 2025 – 2027 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2024 и 16/2024), се вршат следните изменувања:

Во програма ЈД во графа:

- Изградба на дел од ул. „Киро Кикенски“ – Кочани изнесува 2.200.000 ден.
- Се брише
- Рехабилитација на дел од ул. „Сребран Димитров“ – Кочани изнесува 1.400.000 ден.

Се менува износот и гласи: 1.100.000 ден.

II.

Планот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-479/1
19.03.2025 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ 2025-2027**

| Програма | Потпрограма | Ставка | Потставка | Име на програмата / подпрограмата | | | | Грант / Донации | Кредит | Финансирано од други нивоа на власт | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2025 | 2025 | 2025 | |
| | | | | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **175.110.648,00** | **57.500.000,00** | **48.800.000,00** | | | **306.670.183,00** | |
| **FA** | **FAA** | | | **Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** | **18.291.200,00** | **18.900.000,00** | **21.500.000,00** | **0,00** | | **0,00** | |
| | | **482** | | **Изградба на други објекти.** | **18.291.200,00** | **18.900.000,00** | **21.500.000,00** | | | | |
| | | | 482910 | Геодетски услуги | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.500.000,00 | | | | |
| | | | 482920 | **Изградба на други објекти** (Зашт.огради,белење, Изградба и оградување на спортски игралишта,Материјали за урбани заедници по барања, Кров на лифт, одржување на игралишта и изградба на детски паркови, изградба на заштитни огради,Уривање на објекти за реализација на ДУП,Изградба на портали,и др. | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | | | | |
| | | | 482920 | Бетонирање на пристапни улици и тротоари | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.500.000,00 | | | | |
| | | | 482920 | Изградба на потпорни зидови | 4.000.000,00 | 4.500.000,00 | 4.500.000,00 | | | | |
| | | | 482920 | Изградба на тротоари со бехатон плочки | 2.000.000,00 | 3.000.000,00 | 4.500.000,00 | | | | |
| | | | | Изработка на проектна документација за мост | 991.200,00 | 400.000,00 | 500.000,00 | | | | |
| | | | | Геомахинички испитувања, лабораториски испитувања на разни градежни материјали | 300.000,00 | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| **FD** | ***FDA*** | **482** | | **Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)** | **3.500.000,00** | **4.000.000,00** | **3.200.000,00** | **0,00** | | **0,00** | |
| | | | 482120 | Изградба на локални патишта | 2.500.000,00 | 3.000.000,00 | 3.200.000,00 | | | | |
| | | | | Порамнување и тампонирање на полски земјоделски патишта | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | ***JDA*** | **482** | | **Изградба и реконструкција на патишта и улици во Општината** | **129.684.147,00** | **9.700.000,00** | **11.900.000,00** | **0,00** | | **303.670.183,00** | |
| **JD** | | | 482110 | Изработка на проектна документација за улици и патишта | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.500.000,00 | | | | |
| | | | 482110 | Ревизија на проекти | 300.000,00 | 200.000,00 | 300.000,00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 482120 | **ИЗГРАДБА** | | | | | | | |
| | | | | Пробивање и тампонирање на улици | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.500.000,00 | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Илинденска | 1.622.240,00 | | | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Тодосие Паунов (кај полициска станица) | 764.404,00 | | | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Лазар Андонов и спортско игралиште пред зграда | 1.804.721,00 | | | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Тодосие Паунов (помеѓу два кружни тека м.в. Ило рого) | 628.385,00 | | | | | | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Никола Карев и дел од ул.Кеј на револуција-Оризари | 5.000.000,00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Новопроектирана 1 во Лесна индустрија | 2.700.000,00 | | | | | | |
| | | | | рехабилитација на ул.Сребран Димитров с.Прибачево | 1.100.000,00 | | | | | | |
| | | | | изградба на дел од ул.Кеј на револуцијата спој со ул.Ангел Донев | 2.360.000,00 | | | | | | |
| | | | | изградба на дел од ул.Генерал Апостолски с.Оризари | 5.760.000,00 | | | | | | |
| | | | | изградба на дел од општински пат за с.Јастребник | | | | | | 8.500.000,00 | |
| | | | | изградба на дел од општински пат за с.Полаќи | | | | | | 8.500.000,00 | |
| | | | | рехабилаитација на дел од ул.Цар Самуил и дел од ул.Христијан Карпош | 5.000.000,00 | | | | | | |
| | | | | рехабилитација на дел од ул.4-та Македонска | 900.000,00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Мите Јорданов с.Тркање | 1.400.000,00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Никола Карев и дел од ул.градска магистрална ул.Новопроектиран 1-Кочани | | | | | | 60.000.000,00 | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Роза Петрова и дел од ул.554 -Кочани | | | | | | 10.553.691,00 | |
| | | | | реконструкција на дел од ул.Бел Камен-Кочани јужно | | | | | | 15.263.103,00 | |
| | | | | реконструкција на дел од ул.крак Генерал Апостолски | | | | | | 3.191.088,00 | |
| | | | | Ул.Стамен Манов-изградба на потпорен ѕид | | | | | | 4.432.637,00 | |
| | | | | реконструкција на Сервисна ул.8 (ул.Први Мај) | | | | | | 8.874.182,00 | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | реконструкција на дел ул.Рајко Жинзифов | | | | | | 9.890.349,00 | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Пристапна 1-Кочани | | | | | | 2.026.195,00 | |
| | | | | Изградба на дел од пешачка улица 8 и дел од ул.Пристапна 1-Кочани | | | | | | 2.992.465,00 | |
| | | | | изградба на дел од потисен цевковод од јазол 4 до изливен базен на препумпна станица - Кочани | | | | | | 40.000.000,00 | |
| | | | | Дом на престој за стари лица | | | | | | 80.000.000,00 | |
| | | | | изградба на дел од ул.Стамбена 8 | | | | | | 4.074.513,00 | |
| | | | | Изградба на ул.Новопроектирана 7 на Пониква | | | | | | 8.798.260,00 | |
| | | | | Реконструкција на ул.Гоце Делчев Кочани | | | | | | 21.143.000,00 | |
| | | | | Реконструкција на ул.Борис Трајковски | | | | | | 15.430.700,00 | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Партизанска | 2.070.000,00 | | | | | | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Теодосие Паунов | 88.874.397,00 | | | | | | |
| | | | 482130 | **РЕКОНСТРУКЦИЈА** | | | | | | **0,00** | |
| | | | | Крпење на прекопи на улици со асфалт | 3.000.000,00 | 3.500.000,00 | 4.000.000,00 | | | | |
| | | | 482940 | Надзор над изведба | 400.000,00 | 500.000,00 | 600.000,00 | | | | |
| | | **485** | 485420 | Експропријација | 1.000.000,00 | 500.000,00 | 1.000.000,00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| **JF** | | | | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **1.362.000,00** | **300.000,00** | **500.000,00** | | | **0,00** | |
| | | | | Изработка на проектна документација | 200.000,00 | 300.000,00 | 500.000,00 | | | | |
| | | | | Реконструкција на премин на железнички пруги | 1.162.000,00 | | | | | | |
| | ***JGA*** | **482** | | **Изградба на водоводна мрежа во Општината** | **2.000.000,00** | **2.000.000,00** | **3.000.000,00** | | | **0,00** | |
| **JG** | | | 482720 | Изградба и реконструкција на водоводна мрежа во Општината | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 3.000.000,00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | ***JIA*** | **482** | | **Изградба на фекална и атмосверска канализација во Општината** | **13.273.301,00** | **8.600.000,00** | **8.700.000,00** | | | **3.000.000,00** | |
| **JI** | | | 482310 | Подготвување на проекти | 400.000,00 | 400.000,00 | 500.000,00 | | | | |
| | | | | Изградба и реконструкција на сливни решетки од полимер бетон | 3.600.000,00 | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | | | | |
| | | | | Изградба на фекална канализација на ул.„563“ во лесна индустрија | 3.773.301,00 | | | | | 3.000.000,00 | |
| | | | | Изградба на фекална и атмосверска канализација во Општината | 5.000.000,00 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | | | | |
| | | | | Експропријација | 500.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | |
| | ***GA*** | | | **Изградба на други објекти** | **600.000,00** | **10.000.000,00** | | | | **0,00** | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| GAA | | | 482920 | изработка на проектна документација за за домување на лица од социјален ризик | 600.000,00 | 10.000.000,00 | | | | | |
| | **GD** | | | | | | | | | | |
| | | | | **Заштита на животна средина и природа** | | | | | | | |
| JN | | | | **Урбана Опрема** | **800.000,00** | **900.000,00** | | | | **0,00** | |
| | | | | Набавка на урбана опрема | 800.000,00 | 900.000,00 | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | **JA** | | | **Изградба на јавно осветлување** | **3.100.000,00** | **3.100.000,00** | | | | **0,00** | |
| | JA0 | | 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | | | | | |
| | | | | Надзор | 100.000,00 | 100.000,00 | | | | | |
| | JL | | | **Капитални расходи за други комунални Услуги** | **200.000,00** | | | | | **0,00** | |
| | | | | Набавка и поставување на водомери | | | | | | | |
| | | | | Надзор за поставување водомери | 200.000,00 | | | | | | |
| | GD | | | **Проекти за енергетска ефикасност** | **2.300.000,00** | | | | | **0,00** | |
| | | | | Набавка и поставување на фотоволтаици | 2.000.000,00 | | | | | | |
| | | | | Надзор | 300.000,00 | | | | | | |

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на вонредната седница одржана на 16.03.2025 година и на 19.03.2025 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2025 година

I.

Во Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2025 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 14/2024 и 16/2024), се вршат следните изменувања:

Точка 2.3. Изградба, реконструкција, рехабилитација и асфалтирање на улици

Потточка 2.3.6. која гласи: Асфалтирање, реконструкција и рехабилитација на улици

Алинеја 7, која гласи: Рехабилитација на дел од ул. „Сребран Димитров“ 1.400.000 ден.
Се менува и гласи: Рехабилитација на дел од ул. „Сребран Димитров“ 1.100.000 ден.

Алинеја 15, која гласи: Изградба на дел од ул. „Киро Кикенски“ 2.200.000 ден.
Се брише.

Вкупно:129.684.147 ден.

II.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службениот гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-478/1
19.03.2025 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на вонредната седница одржана на 16.03.2025 година и на 19.03.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за прогласување седумдневна жалост на подрачјето на општина Кочани

Член 1

Поради трагедијата што се случи на 16.03.2025 година – пожар во локална дискотека во Кочани во која загинаа повеќе десетици млади лица, Советот на Општина Кочани прогласува седумдневна жалост на подрачјето на општина Кочани.

Член 2

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-468/1
16.03.2025 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со членовите 11 и 33 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, 79/2021, 151/2022, 87/2022 И 3/2025), Советот на Општина Кочани на вонредната 61-ва седница, одржана на 16.03.2025 година и на 19.03.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Кочани за 2025година ,на следниот начин:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпрограма | | | |
| Потставка | БУЏЕТ | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ |
| КРЕДИТИ | | | |

**ЈДА** Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати - 2.500.000

**А00** Совет на Општина Кочани

412110 Постојана резерва (непредвидливи расходи) 2.500.000

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2025 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-480/1
19.03.2025 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

Врз основа на членот 48 став 1 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, 79/2021, 151/2022, 87/2022 И 3/2025), Советот на Општина Кочани на вонредната седница, одржана на 16.03.2025 година и на 19.03.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за користење финансиски средства од постојаната резерва во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука се одобрува користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, Програма А0 - потставка 412110 -постојана резерва во износ од 3.000.000,00 денари, помош за семејствата кои имаат починати лица и лица повредени во пожарот што ја зафати дискотеката „Пулс“ на 16.03.2025 година.

Член 2

Финансиски средства да се уплатат на сметка на Црвен крст на Република Северна Македонија, кои ќе ја реализират помошта од членот 1 од оваа одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-481/1
19.03.2025 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 11, став 1, точка 5 од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/010, 6/012, 119/013, 41/014, 138/014, 25/015, 61/015, 39/016, 64/2018, 35/2019, 275/2019, 82/2020, 89/2022, 274/2022 И 208/2024“), Советот на Општина Кочани на вонредната седница одржана на 16.03.2025 година и на 19.03.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани бр.02-118/2 од 17.03.2025 година, за ослободување од плаќање на надоместок за гробно место за лицата починати во пожарот во дискотеката „Пулс“ – Кочани на 16.03.2025 година и користење на други погребални услуги кои ги дава КЈП „Водовод“ – Кочани

I.

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“- Кочани бр. 02-118/2 од 17.03.2025 година, за ослободување од плаќање на надоместок за гробно место за лицата починати во пожарот во дискотека „Пулс“ – Кочани на 16.03.2025 година и користење на други погребни услуги кои ги дава КЈП „Водовод“ – Кочани.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-482/1
19.03.2025 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на вонредната седница одржана на 16.03.2025 година и на 19.03.2025 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
за задолжување на КЈП „Водовод“ – Кочани

I.

Советот на Општина Кочани го задолжува КЈП „Водовод“ – Кочани поради трагичниот настан од 16.03.2025 година, да не организира пазарен ден на 20.03.2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-483/1
19.03.2025 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1. План за изменување на План на програми за развој на општина Кочани за период 2025 – 2027 година, Бр.09-479/1
Стр.2

2. Програма за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2025 година, Бр. 09-478/1
Стр.7

3. Одлука за прогласување седумдневна жалост на подрачјето на општина Кочани, Бр. 09-468/1
Стр.7

4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, Бр. 09-480/1
Стр.8

5. Одлука за користење финансиски средства од постојаната резерва во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, Бр. 09-481/1
Стр.9

6. Заклучок за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани бр. 02-118/2 од 17.03.2025 година, за ослободување од плаќање на надоместок за гробно место за лицата починати во пожарот во дискотека „Пулс“ – Кочани на 16.03.2025 година и користење на други погребални услуги кои ги дава КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09- 482/1
Стр.9

7. Заклучок за задолжување на КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09- 483/1
Стр.10